

**Саво Костадиновски**

Одамна ми беше скроен планот за едно подолго поклоничко патешествие по Тибет, Кина и Индија, требаше само да дојде денот кога ќе тргнам, а дојде наредната година. На долгиот двомесечен пат тргнав со одбрана група, составена од продуховени, просветлени и богопонизни луѓе. Тие беа со добри сознајби за источноазискиот побожен свет и тамошната религиска традиција и сегашна реалност. Сакав да узнам какво е поклонението на тамошните луѓе по патот на милоста божја.

Да се патува по Тибет, покривот на светот, значи да се патува низ историјата и низ времето... Таму историјата како да добила поинаква димензија и значење. Има многу траги кои упатуваат на тоа, а има траги од далечни времиња кои дури тешко може да се датираат. Затоа имав чувство како да се раздолжила историјата таму.

Тибет е поинаков од сиот свет.

Тибет го доживеав поинаку од сиот друг свет.

Секој белег од светото минато и секој храм како да ја има исцелителната енергија за душите, с# што се гледа е божјо дело, дадено за сите божји чеда, да им ја враќа врбата во животот, богоразумно да ги применуваат десетте божји заповеди...

Во таква опкруженост богомолно заживеав..., чувствував дека тоа патување е само

продолжение на моето патување во Ерусалим во 1974 година, во Лорд во 1995... Чувствував дека минувам по судбописен живот, со благоверност, со самооткривање на сопствената природа во себе, почитувајќи ги правилата на еден богомолец кој се учи на сопственото благотворение. Колку и како го чувствуваш божјиот дух во себе? Знаеш ли како правилно се верува? Колку се верува за да си верник? Дали твојата верба ти поставува прашање дали сите религии водат кон бога? Како се доаѓа до блажен дух, кои се спиритуелните пораки кои водат кон бога и кон себеси?

И вербата и мудроста го учат човека како да му се радува на животот и како да се запознае себеси, зашто ништо во светот нема позагадочно од самиот себе. Ако се разоткрива, ја наоѓа самодовербата, па хармонијата на духот, телото и разумот, а таа хармонија доаѓа од дното на душевниот мир. Тогаш многу помалку се греши, а за награда ни доаѓа среќата, која сама по себе е како илустрација на сликата на животот.

Запознавајќи го светот, се запознаваме себеси. Запознавајќи го Тибет, запознав уште нешто од себеси.

Има многу сили што го држат дрвото на кое е разгрането нашето битие.